ОТЧЕТ
НА ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

2013 2017

СЕКОЈДНЕВНО ГИ КРЕИРАМЕ КОНТУРИТЕ
НА НАШИОТ МОДЕРЕН И ЗЕЛЕН АЕРОДРОМ

ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Скопје, Република Македонија

+389 (0)2 400 970
Јане Сандански 109 Б, 1000 Скопје
aerodrom@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

Отчет 2013 - 2017

Издава
Општина Аеродром

Градоначалник
Ивица Коневски

Уредник
м-р Маја Манчевска

Редакција

м-р Билјана Кочоска-Тодоровска
м-р Александра Милевска-Петровска
Ивана Јовановиќ-Ацковска

Лектор
Билјана Кочоска-Тодоровска

Фотографија
Томислав Атанасовски
Александар Ѓорѓиев

Печати
Европа 92

Тираж
30.000 примероци

ОТЧЕТ НА ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ 2013 - 2017

ВОВЕД	4 - 5
ПАРКОВИ	6 - 11
ИНФРАСТРУКТУРА	12 - 33
КОМУНАЛНИ РАБОТИ	34 - 44
ОБРАЗОВАНИЕ	45 - 51
СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ	52 - 62
СПОРТ	63 - 75
ЕКОЛОГИЈА	76 - 86
КУЛТУРА	87 - 94
СОВЕТ	95
СОРАБОТКА И ПРИЗНАНИЈА	96 - 97
КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ 2009 - 2013	98 - 99

ИВИЦА КОНЕВСКИ
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

СОВРШЕН БАЛАНС МЕЃУ УРБАНОТО И ЗЕЛЕНИЛОТО Е НАШ ВРВЕН ПРИОРИТЕТ

Почитувани сограѓани,

Изминатите четири години, за време на мојот втор мандат како градоначалник на Општина Аеродром, ми претставуваше вистинско задоволство и голема чест да работам на растот и развојот на нашата Општина Аеродром.

Нашата главна цел, моја и на мојот тим, е да го претвориме Аеродром во место во кое секој жител ќе може да си создаде своја животна приказна и каде секој поединец непречено ќе ги остварува сите свои потреби, притоа чувствувајќи се удобно и безбедно во својот дом, канцеларија, училиште, кафуле, парк...

Синоним за нашата Општина е зборот УСПЕХ, затоа што во фокусот на нашето внимание е секогаш човекот и при реализацијата на зацртаните цели тргнуваме од потребите на граѓаните. Заедно со вас успеавме да ги претвориме во реалност сите предвидени проекти во нашата четиригодишна програма, па дури и многу повеќе од тоа.

Општина Аеродром, иако е една од најмладите Општини во земјава, за многу кратко време успеавме да ја вивнеме на врвот, меѓу најуспешните, креирајќи капитални проекти, кои ќе останат и за генерациите по нас. Без лажна скромност, можам да кажам дека Аеродром е „град во град", бренд нашироко познат. Изминатите четири години, со многу посветеност и љубов, успеавме уште повеќе да го подобриме квалитетот на живот, а со тоа да поставиме високи стандарди и за другите Општини во земјава и во регионот.

Ние, создадовме „УРБАН РАЈ". Тоа е можеби нашиот заштитен знак, затоа што современиот изглед го збогативме со големи површини зеленило. Десетиците нови паркови на територијата на целата Општина претставуваат оази каде аеродромци, но и жителите од другите општини, уживаат и се рекреираат во текот на целата година. Аеродром е најзелената Општина во Република Македонија и пошироко, со над 28 квадратни метри зеленило по глава на жител, што е за три пати повеќе од европскиот просек. Само последната сезона засадивме 50.000 садници на територијата на целата општина. Но, ние не застануваме тука, продолжуваме да го боиме нашето место во зелено, затоа што

совршениот баланс меѓу урбаното и зеленилото е наш врвен приоритет.

Изминатите четири години, изградивме десетици километри нови улици, со што создадовме беспрекорна инфраструктурна мрежа на нашата територија, поврзувајќи ги сите населени места и овозможувајќи лесна и брза комуникација меѓу жителите и непречен проток на сообраќајот. Во соработка со Градот Скопје ги реконструиравме старите и изградивме нови булевари, кои се од витално значење за поврзаноста на Аеродром со другите општини. Исто така, многу вложивме во нови паркиралишта. Безбедноста е еден од нашите врвни приоритети, поради што се потрудивме да го расчистиме и осветлиме секое катче во нашата Општина, притоа одржувајќи ја хигиената на највисоко ниво.

Руралниот дел од нашата Општина доби современ лик, а населените места од тој дел се поврзани со разгранета инфраструктурна мрежа со другите населби во Аеродром и со околните општини. Таму изградивме градинки и ги реконструиравме училиштата, а граѓаните добија современи паркови каде што можат квалитетно да го минуваат своето слободно време.

Се радуваме на секој нов живот во нашата Општина и затоа со години наназад ги поддржуваме младите родители со парична помош за секое новороденче. Посветуваме големо внимание на грижата, воспитанието и образованието на нашите најмлади и постојано работиме на реконструкција и изградба на нови детски градинки и основни училишта. Ги следиме глобалните трендови кои наложуваат познавање на странски јазици и затоа најмладите добиваат бесплатни часови по англиски јазик во своите градинки. Ние сме првата општина во земјава, која на своите ученици, на почетокот на учебната година почна да им доделува бесплатни училишни униформи. Исто така, најдобрите деветтоодделенци имаат можност да отпатуваат во британската престолнина Лондон и да се стекнат со незаборавно и незаменливо образовно и животно искуство.

Од друга страна, следејќи ги најдобрите практики на најразвиените земји во светот, донесовме одлука во основните училишта во Општина Аеродром секој понеделник пред почетокот на наставата за прва смена да се интонира химната на Република Македонија. На тој начин ја исполнуваме една од основните цели на образованието и воспитанието, а тоа е да се развие свеста за припадност, да се истакне националниот и културниот идентитет на учениците и да се почитуваат основните државни вредности.

Неуморно работиме и на одржување на спортскиот дух кај учениците и кај сите жители воопшто, поради што, буквално на секој чекор, изградивме и уредивме голем број спортски сали и терени за различни спортови. Исто така, веќе неколку години сме домаќини на престижен театарски фестивал „Гола месечина", на кој секое лето покрај македонски, настапуваат и театри од регионот и Европа. Со задоволство ги поддржуваме традиционалните манифестации, бидејќи гледаме напред, но не ги заборавамe нашето минато и обичаи.

Почитувани читатели,

Во Вашите раце го имате испечатен ОТЧЕТОТ, во кој се наредени најкрупните реализирани проекти, прикажани по области, онака како што беше ветено во програмата за Општина Аеродром, но и дел од проектите што воопшто не беа предвидени, а кои значително ги подобрија условите за живот на граѓаните.

Јас, вработените во администрацијата на Општината и Советот на Општина Аеродром, особено советничката група на ВМРО-ДПМНЕ, на чело со претседателот доктор Виктор Камилоски, без кои не ќе можеа да се реализираат стотиците проекти, имаме високо поставени цели, кои досега ги остваривме со голем успех. Но, истовремено се водиме од мислата дека „секогаш може подобро". Затоа даваме сè од себе, Аеродром да го задржи приматот на најуредена и најфункционална општина, а жителите да се уште позадоволни од тоа што го добиваат во своето место на живеење.

Заедно, вие и ние, направивме многу, што се докажа изминатите години, од кога ја презедов функцијата Градоначалник на Општина Аеродром. Ви упатувам голема благодарност за досегашната поддршка без која не ќе можевме да ги реализираме сите проекти.

Со почит,
Ивица Коневски,
градоначалник на Општина Аеродром

ТРИ НОВИ ПАРКОВИ

2013 » 2017

ПАРК НА СВЕТЛИНАТА СПРОТИ „МАЈЧИН ДОМ“

- Вкупна површина: 3.000 квадратни метри
- Зелена површина: се задржаа постојните дрвја, кои се наоѓаа на оваа локација и дополнително е збогатен со ново зеленило и цвеќе
- Содржина: пешачки патеки, водени површини, езеро со фонтани и водопади, река, детско игралиште и осветлување со рефлектори и канделабри

ПАРК „БАНОВИНА“ ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

- Вкупна површина: 6.500 квадратни метри
- Зелена површина: 3.000 квадратни метри со 50 видови зимзелени и листопадни растенија
- Содржина: езеро на две нивоа со пешачки мост, видиковец, детско игралиште, пешачки патеки, жардиниери, чешми за пиење вода, канти за отпадоци и клупи и комплетно осветлување со нови штедливи канделабри и со сопствен систем за наводнување на зеленилото

НАЈГОЛЕМ ПАРК ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

покрај кејот на Вардар

- Локација: меѓу Ново и Горно Лисиче
- Вкупна површина: 100.000 квадратни метри
- Зелена површина: огромна површина парковско зеленило и 600 садници
- Содржина: трим патеки, чешми за пиење вода, клупи, канти за отпадоци, летниковци, жардиниери, повеќенаменско спортско игралиште, две детски игралишта, хидрантска мрежа, како и осветлување со над 150 канделабри
  (во соработка со Град Скопје)

ИНФРАСТРУКТУРА

2013 » 2017

НОВА УЛИЦА ВО МИЧУРИН „АНАСТАС МИТРЕВ 3“

- Локација: ги поврзува улиците „Венијамин Мачуковски“ и „Петар Ацев“
- Должина: околу 200 метри
- Широчина: 6 метри
- Содржина: целосно нова комунална инфраструктура, тротоари (со широчина од по 1,5 метар од двете страни на улицата) и нови линии за јавно осветлување

Целосно реконструирани и проширени две улици во Мичурин

- „Анастас Митрев“
- Улицата со вкупна должина од 160 метри и широчина од 6 метри е целосно реконструирана и изградени се тротоари од двете страни со широчина од по 1,5 метар.

- „Венијамин Мачуковски“
- Улицата со вкупна должина од 110 метри и широчина од 6 метри е целосно реконструирана и изградени се тротоари од двете страни со широчина од по 1,5 метар.

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА „МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО“ (поранешна „Руди Чајавец“)

- Нова фекална канализација (должина околу 400 метри)
- Нова атмосферска канализација (должина околу 300 метри)
- Нова водоводна мрежа
- Ново асфалтирање (должина 700 метри)
- Нови тротоари (должина околу 1.300 метри)
- Нови линии за јавно осветлување (должина околу 600 метри со 30 сијалични места)

РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА „АНГЕЛ ДИМОВСКИ“ ВО СТАР АЕРОДРОМ

- Локација: во близина на поликлиниката „Јане Сандански“ во Стар Аеродром
- Должина: 300 метри
- Широчина: околу 5 метри
- Тротоари: од бекатон плочки со широчина до 2 метри и 12 нови сливници за подобро одводнување на атмосферската вода, кои се поврзаа со атмосферската канализација

НОВА УЛИЦА ВО ИНДУСТРИСКА ЗОНА

- Локација: „Новопроектирана улица 4" меѓу новите згради во локалитетот Индустриска зона
- Должина: околу 500 метри
- Широчина: 16 метри (две сообраќајни ленти од по 6 метри и тротоари од двете страни на улицата од по 2 метри)
- Содржина: целосно нова фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа и асфалтирање, а наскоро и нови линии за јавно осветлување

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БУЛЕВАРОТ „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“

Проширување на булеварот, нова атмосферска канализација и асфалтирање, со 4 сообраќајни ленти (по две ленти во секоја насока), зелен појас од 1,5 метар, велосипедска патека покриена со асфалт и широка 2 метри и тротоар покриен со бекатон плочки со широчина од 3 метри, средишна разделна жардиниера со широчина од 5 метри, како и јавно осветлување со инвестиција од Буџетот на Град Скопје

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БУЛЕВАРОТ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“

- Локација: потег од булеварот „Србија“ до крстосницата со улицата „Васко Карангелевски“
- Содржина: нов асфалтен слој Сплит Мастикс од еруптивно потекло што дава дополнителен квалитет на асфалтот
- Обновена велосипедската патека од двете страни на булеварот, на вкупна површина од 300 квадратни метри (во соработка со Град Скопје)

БУЛЕВАРОТ „АСНОМ“ СЕ ПРОШИРИ И ПРОДОЛЖИ КОН ГОРНО ЛИСИЧЕ

- Локација: од булеварот „Февруарски поход“ до улицата „Тодор Чангов“
- Должина: 430 метри
- Содржина: 4 сообраќајни ленти и нова раскрсница (во соработка со Град Скопје)

НОВА УЛИЦА ПОКРАЈ ВАРДАР

- Локација: на потегот од СЦ „Јане Сандански“ до булеварот „Србија“, поточно покрај булеварот „АСНОМ“
- Должина: еден километар
- Широчина: 6 метри
- Содржина: комплетна фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа, асфалтирање, тротоари (од двете страни по два метри), јавно осветлување и околу 200 паркинг-места.

НОВА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“

- Должина: еден и пол километар
- Содржина: комплетна инфраструктура на новите сервисни улици, тротоари, јавно осветлување и нови 1.000 паркинг-места

НОВА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НОВО ЛИСИЧЕ

- изградена комплетно нова инфраструктура кај новите згради покрај булеварот „Февруарски поход" во Ново Лисиче
- изградба на комунална инфраструктура, поточно околу два километри атмосферска и околу два километри фекална канализација, како и еден и пол километар водоводна мрежа
- асфалтирана и улицата паралелна со булеварот „Февруарски поход" на вкупна површина од околу 20.000 квадратни метри, со тротоари на вкупна површина од околу 5.500 квадратни метри, како и изградба на паркиралишта со околу 1.000 нови паркинг-места
- од булеварот „Февруарски поход" се изгради влез кон новата проектирана улица со цел да се поврзат станбените објекти на оваа улица
- нови линии за јавно осветлување поставени покрај улиците и меѓу новоизградените станбени згради и тоа со вкупна должина од околу 2 километри со стотина сијалични места
- изградба на нова улица 8 во Горно Лисиче кај новите згради во должина од 170 метри и широчина од 7 метри, која има тротоари од двете страни од по два метри и соодветно јавно осветлување, како и нов паркинг со широчина од 6 метри и капацитет од 30-тина возила



РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛБАТА ЛИСИЧЕ

- „Гаврил Константиновиќ“ во должина од 155 метри, широчина од 6 метри и тротоарите со широчина од 1,7 метри

- Митре Влаот“, зад трговскиот центар, во должина од 730 метри



- Крак на „Мите Богоевски“ во должина од 200 метри

РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛБАТА ЛИСИЧЕ



- „Ѓуро Малешевац“ со должина од 200 метри

- „Дете Татуличе“ која е долга 170 метри.

- „Зборски“ чија должина изнесува 110 метри

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА НАЈГОЛЕМИТЕ УЛИЦИ ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

- „Тодор Чангов“: обнова на коловозната конструкција на улицата, поточно од „Вардарска“ до „Ернест Телман“ со вкупна должина од околу еден километар и 630 метри



- „Горно Лисиче“: од „12 Македонска бригада“ до црквата „Св. Петар и Павле“ со вкупна должина од околу еден километар и 660 метри

- „Божин Николов“ во должина од 390 метри

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА „ЃОРЃИ КАПЧЕВ“

- Локација: потег од улицата Горно Лисиче до црквата „Свети Ѓорѓија“ во Горно Лисиче
- Должина: еден и пол километар
- Широчина: 6 метри
- Површина: 9.000 квадратни метри
- Содржина: нова водоводна мрежа (во соработка со ЈП „Водовод и канализација”), асфалтирање и тротоар со широчина од еден метар

ИЗГРАДБА НА ТРИ МОСТОВИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

- Реконструиран мостот на улицата „Ѓорѓи Капчев“ (должина од 10 метри, широчина 8 метри и тротоари од двете страни, како и заштитна метална ограда)
- Реконструирани два моста на улицата „Божин Николов“ (должина од по 10 метри, широчина од по 8 метри и тротоари од двете страни, како и заштитна метална ограда)

РЕКОНСТРУИРАН ПАТОТ ГОРНО - ДОЛНО ЛИСИЧЕ



Должина: 3,5 километри
Широчина: 6 метри
(во соработка со ЈП за државни патишта)

ИЗГРАДЕНИ 9 НОВИ ТРОТОАРИ ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

9 улици во Горно Лисиче добија нови тротоари и осветлување со вкупна површина околу 14 илјади квадратни метри и должина од околу 9 километри („Тодор Чангов“, „Ѓорѓи Капчев“, „Благоја Мучето“, „Василие Ѓуровиќ“, „Божин Николов“, „Горноврановска“, „Лисец“, главната улица што се протега од „Февруарски Поход“ па сè до Усјанскиот канал, како и Улица 1 во Долно Лисиче)

НОВА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА НА ТРИ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ИНФРАСТРУКТУРА 2013 »2017

ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

- **Реонски центар „Аеродром“**, покрај булеварот „Видое Смилевски- Бато“, во должина од околу 1.000 метри (овозможи да се приклучат зградите од оваа населба, каде претходно е обезбедена целосна секундарна фекална канализација во должина од 1,5 километри)
- **Горно Лисиче**, покрај булеварот „Февруарски поход“, во должина: околу 1.000 метри
- **Населба Лисиче** во должина од околу 560 метри
- **Мичурин**, на дел од улицата „Симеон Кавракиров“, во должина од околу 210 метри
- **Стар Аеродром**, на улицата „Методија Шаторов-Шарло“ во должина од 350 метри
- **Индустриска зона**, покрај булеварот „Трета македонска бригада“ во должина од 1.000 метри
- **Јане Сандански**, покрај булеварот „АСНОМ“ во должина од 1.000 метри

НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО СТАР АЕРОДРОМ

- **Локација**: на улицата „Методија Шаторов - Шарло“ на ниска и висока зона (на потегот од улицата „Коста Новаковиќ“ до улицата „Фрањо Клуз“)
- **Должина**: 1.060 метри

НОВА АТМОСФЕРСКА МРЕЖА

- **Горно Лисиче** на улиците „8“, „9“ и „10“
- **Реонски центар „Аеродром“** на улиците „1“, „2“ и „3“
- **Покрај булеварот „Трета македонска бригада“**
- **Населба Лисиче**
- **Јане Сандански** покрај булеварот „АСНОМ“

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКАТА УЛИЦА „ТОШЕ ПРОЕСКИ“

- Должина 550 метри
- Широчина: 7 метри
- Содржина: поплочена со мермерни коцки и гранитни плочи, на кои се изгравирани јунаци од цртаните филмови
- Осветлување: комплетно со штедливи светилки
- Урбана опрема: клупи и канти за отпадоци, како и 96 жардиниери со хризантеми и зимзелени растенија

НОВИ ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ НА ул. „ФЕВРУАРСКИ ПОХОД“

- Должина: околу 500 метри
- Површина: околу 3.500 квадратни метри
- Состав: бекатон-плочки во сива и црвена боја.
- Придобивки: се олеснува движењето на граѓаните во Општината и се придонесува за нејзина урбанизација, развој и разубавување.

НОВИ ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

- во населбата Острово на улицата „Владимир Комаров" 6 и 8 зад ТЦ „Скопјанка" кај игралиштето
- во близина на пешачкиот мост кој води кон Скопски Саем
- на улица „Коста Новаковиќ" 42 во близина на градинката „Изворче".
- во средишниот дел помеѓу новите згради во Горно Лисиче со широчина од 4 метри
- од бул. „АВНОЈ" бр. 26 до ул. „Васко Карангелевски" во должина од 81 метри
- две пешачки патеки на ул. „Владимир Комаров" бр. 15, во должина од 100 метри
- кај детската градинка Срничка" клон „Црвенкапа", во должина од околу 60 метри
- во Реонски центар „Аеродром" во вкупна должина од околу еден километар

СЕ ЗАМЕНУВААТ СТАРИТЕ ПЛОЧКИ НА ПАТЕКИТЕ СО НОВИ

- поплочување на патеките меѓу зградите кај градинката „Лале“
- замена на старите и оштетени плочки со нови на патеките меѓу зградите зад ТЦ „Капитол“
- менување на плочките на патеките меѓу зградите на целата територија на општината, коишто им задаваа проблеми на граѓаните поради вдлабнатини и насобрана вода од дождовите
- на сите критични места како што се влезови во пешачка зона, пристап кон пешачки патеки, тротоари или јавно зеленило, се поставија заштитни столпчиња против несовесни возачи



ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА

ИНФРАСТРУКТУРА 2013 » 2017



- две нови паркиралишта покрај булеварот „АСНОМ“ со вкупен капацитет од околу 140 нови паркинг-места“
- реконструкција на четири нови паркиралишта во населбата Острово со вкупен капацитет од 135 паркинг-места
- Околу 1.000 паркинг-места во населбата Реонски центар „Аеродром“

КОМУНАЛНИ РАБОТИ

2013 » 2017

Доделени над 3.000 решенија за легализација на бесправно изградени објекти

Двојно намалени комуналиите за градба

За 50 проценти е намалена висината на надоместокот за градба во Долно Лисиче и во реонот на патниот правец што ги поврзува Горно и Долно Лисиче, кои се надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план на Град Скопје Жителите на Долно Лисиче од октомври 2015 година плаќаат двојно помали комуналии за градење

Крстот со штедливи светилки

Крстот што се наоѓа на крстосницата меѓу булеварите „Србија“ и „Трета македонска бригада“ го осветливме со нови штедливи светилки, кои десеткратно ќе ги намалат трошоците за електрична енергија.

Инвестицијата ќе се оправда за многу кратко време со оглед на значителната заштеда со новите лед-светилки

НОВИ ЛИНИИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

	број на светилки
2013 година	
Ново Лисиче	62
Населба Лисиче	7
Јане Сандански	92
Реонски центар	15
Острово	37
Горно Лисиче	485
Долно Лисиче	87
2014 година	
Стар Аеродром	21
Горно Лисиче	29
Реонски центар	163
2015 година	
Стар Аеродром	26
Јане Сандански	37
Горно Лисиче	25
Мичурин	10
Населба Лисиче	41
ВКУПНО	**2.070**

	број на светилки
2016 година	
Горно Лисиче	165
Стар Аеродром	18
Јане Сандански	49
2017 година	
Јане Сандански	559
Населба Лисиче	9
Стар Аеродром	109
Реонски центар	24

КОМУНАЛНИ РАБОТИ 2013 » 2017



Улицата на Тоше секоја година блеснува со новогодишно ѕвездено небо

Детската улица „Тоше Проески“ секоја година пред новогодишните празници ја осветлуваме со „ѕвездено небо“, кое носи посебна магија и внесува уникатна празнична атмосфера.

Обнова на фасадите на најоштетените згради

Изработени се проекти за реконструкција на 18 најоштетени фасади на станбени објекти, кои ќе бидат енергетски ефикасни и ќе го задржат автентичниот изглед

КОМУНАЛНИ РАБОТИ 2013 » 2017

Регистар на станбени згради

Во 2015 година Општина Аеродром реализираше проект за броење на станбените згради на територијата на општината. Целта на овој проект беше да се формира регистар на станбени згради и регистар на управители, што е законска обврска на секоја општина. (во соработка со „Хабитат Македонија“)

Набавени две возила за чистење снег

Набавени се две возила за зимско одржување на улиците опремени со сите неопходни делови за лесно, брзо и функционално реагирање при снежни врнежи



Заштитни столпчиња покрај тротоарите, велосипедските и пешачките патеки

Се поставија околу 5.000 метални столпчиња во висина од 60 сантиметри како заштитни огради покрај тротоарите, велосипедските и пешачките патеки, како и на други места каде што е потребно да се обезбеди непречено движење на пешаците и на велосипедите

Континуирано се врши санација и асфалтирање на ударните дупки на целата територија на општината

Континуирано се поставуваат клупи и канти на различни локации, каде што има потреба

КОМУНАЛНИ РАБОТИ 2013 » 2017

Информативни табли за промоција на Општина Аеродром

Поставени се пет информативни табли на најфреквентните локации во општината, со цел граѓаните и посетителите на општината подобро да се информираат и ориентираат.

Есенска и пролетна дератизација

Секоја година се врши есенска и пролетна дератизација при што се опфаќаат околу 2.500 шахти на целата територија на општината и основните училишта и детските градинки.

ОБРАЗОВАНИЕ

2013 » 2017

НОВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“

ОБРАЗОВАНИЕ 2013 » 2017

- Локација: Реонски центар „Аеродром“
- Површина: 5.300 квадратни метри со 18 училници
- Училиштен двор: хортикултурно уреден со скулптура на Александар Македонски (висока 3,5 метри, изработка и донација на нашата позната скулпторка Валентина Стевановска, која ја изработи и познатата скулптура „Воин на коњ“)
(во соработка со Министерството за образование и наука)

ГИ СЛЕДИМЕ НАЈДОБРИТЕ ПРАКТИКИ И ПРИМЕРИ НА НАЈРАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ ВО СВЕТОТ

Во основните училишта во Општина Аеродром секој понеделник пред почетокот на наставата за прва смена се интонира химната на Република Македонија. На тој начин се исполнува една од основните цели на образованието и воспитанието, а тоа е да се развие свеста за припадност, да се истакне националниот и културниот идентитет на учениците и да се почитуваат основните државни вредности.

Општина Аеродром секоја година обезбедува нова училишна облека за сите ученици во основните училишта

Општина Аеродром ги праќа најдобрите ученици од основните училишта да посетуваат настава во училиштето Брнтвуд во збратимената Општина Вандсворт во Лондон

ПОТОА

РЕКОНСТРУИРАНИ СПОРТСКИТЕ САЛИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Создаваме услови за спортување на учениците

Основните училишта во Општина Аеродром добија нови огради

Реконструкцијата на оградите опфати замена на оштетените делови со нови, поправка на вратите, бојадисување, како и изградба на комплетно нова ограда во училиштата каде што недостига.

Таблица за множење на скалите на училиштата

Поставивме налепници со таблицата за множење на скалилата во основните училишта на нејзината територија.

Организираме бесплатна обука по информатика и англиски јазик за жителите на Општина Аеродром

Реновирана библиотеката „Јане Сандански“

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ

2013 » 2017

НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЛАВЧЕ“

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 2013 » 2017

- Локација: Горно Лисиче (прва детска градинка во оваа населба)
- Капацитет: 100 дечиња
- Содржина: две големи занимални, простор за прием, кујна, санитарни јазли и административен простор, неопходна опрема со креветчиња, масички, столчиња, плакари, нагледни средства и играчки
- Материјали: енергетски ефикасни и еколошки прифатливи.

НОВА ГРАДИНКА „ШТРКЧЕ“

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 2013 » 2017

- Локација: во рамки на клонот „Чекорче“
- Капацитет: 200 дечиња
- Содржини: 6 големи занимални, простор за прием, кујна, санитарни јазли, административен простор и подрумски простории и сето тоа на површина од 1.700 квадратни метри

Нарачани проекти за уште две нови детски градинки

Склучени се договори за изработка на основен проект за нова детска градинка во рамки на објектот „Пчелка 1“ во населбата Лисиче, која е клон на „Буба Мара“, како и уште една градинка во рамки на објектот „Буба Мара“ во Ново Лисиче.

Бесплатен англиски јазик во градинките

Го подобруваме воспитно-образовниот процес

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 2013 »2017

Бесплатни работни листови за децата од предучилишна возраст

„Од нас за вас" е насловот на работните листови, кои на дечињата од градинка им беа поделени бесплатно со цел да им помогнат во нивното созревање и да се развиваат со сопствено темпо. Работните листови се базираат на стандардите за рано учење и развој и ги следат современите трендови во развојот на педагошката теорија и практика, а ги изработија самите воспитувачи како стручен кадар и како резултат на нивната долгогодишна посветеност на развојот на децата.

Доделуваме еднократна парична помош на семејствата со новороденчиња во висина од 5.000 денари

Дониравме дрва за греење за стотина семејства од социјално ранливи категории

ДОНАЦИИ 2013 » 2017

Организирана хуманитарна акција за донирање алишта

По повод Европскиот ден за меѓугенерациска солидарност во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ во соработка со Здружението за меѓугенерациска солидарност „Доблест“ хуманитарната акција беше наменета за Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари за деца од 3 до 17 години и за повозрасните лица во „Мајка Тереза“

Дониравме 3 милиони денари за поплавените во Општина Гази Баба по катастрофалното невреме што го зафати Скопје во август 2016 година

Дониравме 600.000 денари финансиска помош за санирање на последиците од елементарните непогоди, поплавите што ги зафатија Србија и БиХ во мај 2014 година



Организираме бесплатни лекарски прегледи под мотото „Здравје за сите“ во соработка со медицински екипи од ЈЗУ „Здравствен дом на Скопје“

Ангажиравме стручни лица за грижа на деца со пречки во развојот

Општина Аеродром ангажираше 5 стручни лица со професија дефектолог, психолог и педагог, кои беа ангажирани како стручни лица за помош на деца со инвалидитет за период од 6 месеци, во рамки на проектот „Унапредување на воспитно-образовниот процес и секојдневната грижа на децата со пречки во развојот во училиштата во Општина Аеродром“.

(во соработка со Агенцијата за вработување и УНДП)

Го поддржавме отворањето на Центар за сензорна терапија „Во мојот свет“ за лица со аутизам во Општина Аеродром

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ 2013 » 2017

Ги промовираме и помагаме активностите на невладините организации со кои активно соработува Општина Аеродром и спроведуваме заеднички проекти

СПОРТ

2013 » 2017

СПОРТСКИ КОМПЛЕКС „ЈАНЕ САНДАНСКИ“

ПОТОА

СПОРТ 2013 » 2017

СПОРТСКИ ЦЕНТАР
ЈАНЕ САНДАНСКИ

- Локација: на местото на старата спортска сала МЗТ
- Капцитет: 6.500 гледачи
- Содржини: Повеќенаменска сала за кошарка, ракомет, мал фудбал и одбојка, помошна сала за тренинзи со капацитет од околу 1.000 гледачи, хотел, базен, спа и модерен фитнес центар, игротека
- Стандарди: според ФИБА и ЕХФ
- Матични клубови: Кошаркарскиот клуб „МЗТ Скопје – Аеродром" и ракометните клубови на „Вардар"
  (преку јавно - приватно партнерство)

НОВА СПОРТСКА САЛА ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

- Површина: 620 квадратни метри
- Височина: 7 метри
- Содржина: сала за фудбал, кошарка, одбојка, гимнастика, ракомет и други спортови и неколку повеќенаменски простории, спортска опрема и реквизити (во соработка со Министерството за образование и наука)

СПОРТ 2013 » 2017

Создаваме услови за квалитетни тренинзи

ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ"

- Локација: во рамки на ОУ „Александар Македонски"
- Површина: 1.300 квадратни метри
- Содржина: два гола за мал фудбал и ракомет и четири коша, осветлување (може да се користи и во вечерните часови)
- Корисници: бесплатно за граѓаните на Општина Аеродром (во соработка со Агенцијата за млади и спорт)

ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА ЛИСИЧЕ

- Локација: во рамки на ОУ „Димитар Македонски"
- Површина: 1.300 квадратни метри
- Содржина: два гола за мал фудбал и ракомет и четири коша, осветлување (може да се користи и во вечерните часови)
- Корисници: бесплатно за граѓаните на Општина Аеродром (во соработка со Агенцијата за млади и спорт)

СПОРТ 2013 » 2017

ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕНИСКИ СПОРТСКИ ЦЕНТАР

- Локација: покрај кејот на реката Вардар
- Содржина: четири тениски терени на тврда и четири на земјена подлога со современи материјали по високи меѓународни стандарди, игротека, супермаркет и кафе-бар
- Турнири: државни и меѓународни професионални натпревари.
- Придобивки: 2 тениски турнири годишно - АЕРОДРОМ ОПЕН за учениците во основните училишта од Општина Аеродром, бесплатни термини за граѓаните, облагородување на уште едно запуштено катче
(преку јавно - приватно партнерство)

Се организираат бесплатни јога часови на отворено во парковите низ општината, во соработка со јога клубот „Тара“

СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА 2013 »2017

Секоја година се организира Традиционален пожарникарски крос за учениците од основните училишта од градот Скопје

Секоја година се организира Традиционален меморијален турнир во мал фудбал „Александар Стојчев“, во истоименио спортски центар

Се организираат бесплатни зумба часови на отворено во парковите низ општината во соработка со зумба клубот „Фит уан“

Се организираше спектакуларно фудбалско доживување покрај кејот на Вардар на отворен простор „Фудбалодром“, на кој фудбалските фанови уживаа во најдобриот фудбал на голем екран, следејќи го светското првенство во Бразил

Организиравме Пензионерски спортски натпревари (заедно со Пензионерскиот дом во Стар Аеродром)

Реконструиран базенот „Аеродром“
(поранешниот воен базен)

Организиравме Портокалова велосипедска парада

Обезбедивме бесплатни термини за тенис за жителите на Општина Аеродром секој викенд

Секоја година организираме Традиционален турнир во мал фудбал „Скопје“ во Спортскиот центар „Ново Лисиче“ (заедно со Град Скопје)

Бевме домаќини на манифестацијата „Спортски бон - тон“ во 2013 година

ЕКОЛОГИЈА

2013 » 2017

АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛОТО

ЕКОЛОГИЈА 2013 » 2017

Систем за наводнување со прскалки, кои се вклучуваат автоматски во одредени временски интервали и на тој начин зелените тревни површини константно ги одржуваат свежи во: паркот 13 Ноември и паркот Јане Сандански на површина од 40 хектари со над 2.000 прскалки. Автоматската мрежа за наводнување се напојува со бунарска вода и на тој начин се штеди водата за пиење.

Претходно изградена мрежа и во Паркот со авион, Паркот на езерата, Паркот на светлината, паркот Бановина и паркот Тоше Проески, а наскоро и во паркот „Нирнберг“ и во двата паркови меѓу зградите зад ТЦ „Скопјанка“.

ПОСТАВИВМЕ 18 ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ, ВО КОИ СЕ СЕЛЕКТИРА ОТПАДОТ КАКО ВО МОДЕРНИТЕ СВЕТСКИ ЦЕНТРИ

ЕКОЛОГИЈА 2013 » 2017

6 локации:
Острово
Реонски центар „Аеродром“
Јане Сандански
пред ТЦ „Три бисери“
зад ТЦ „Капитол“
спроти ОУ „Лазо Ангеловски“

(во соработка со Град Скопје и ЈП „Комунална хигиена)

НАД 100.000 НОВИ САДНИЦИ ЗА ПОДОБРА И ПОЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

По повод „Денот на дрвото", акцијата „Македонија земја на розата" и голем број други еколошки акции насадени се над 100.000 листопадни и зимзелени садници од видот платан, бреза, даб, каталпа, јасен, чемпрес, јавор, туја и други видови и цвеќиња, во соработка со заедниците на сопственици и со јавните претпријатија „Паркови и зеленило" и „Македонски шуми". Во еко-акциите се вклучени и најмладите со цел да стекнат искуства и престој во природа и да научат како да се грижат за растенијата како важни природни ресурси.

ПЕПЕРУТКИ, ШТРКОВИ И ЛЕБЕДИ ВО СРЕДИШНИТЕ ЖАРДИНИЕРИ



ЕКОЛОГИЈА 2013 »2017

Пеперутки, лебеди, полжави и штркови во цветни аранжмани од љубичици во разни бои се насадени по должината на средишните жардиниери на главните булевари што ја разубавуваат Општина Аеродром. Цветните декорации се поставуваат во соработка со ЈП „Паркови и Зеленило" и учениците од средното уметничко училиште „Лазар Личеноски".

ПРЕД ПОТОА УРБАНИЗАЦИЈА

УЧЕСТВУВАМЕ ВО ГЛОБАЛНАТА АКЦИЈА ЗА СПАС НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

ЕКОЛОГИЈА 2013 »2017

Секоја последна сабота во март по повод глобалната акција за спас на планетата Земја парковите во Општина Аеродром потонуваат во мрак преку симболично исклучување на осветлувањето во рок од еден час.
На тој начин се праќа порака за спас на планетата Земја и се покажува солидарност во борбата против климатските промени, заедно со уште 154 земји во светот.

НОВИ ЧЕШМИ ЗА ПИЕЊЕ ВОДА



Поставени се осум нови чешми за пиење вода:

- во населбата Острово кај детското игралиште на улица „Владимир Комаров“ број 13
- во близина на ОУ „Љубен Лапе“
- во дворот на ОУ „Лазо Ангеловски“
- меѓу зградите на булевар АСНОМ 20 и 74
- во населбата Реонски центар Аеродром

Претходно се поставени околу 70 чешми за пиење вода кои ги одржува ЈП „Водовод и канализација“.

„ГЕНЕРАЛКА“ СЕКОЈА ПРОЛЕТ И ЕСЕН

Екипи на Општина Аеродром и на јавните претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“, „Водовод и канализација“, „Градски паркинг“ и „Улици и патишта“ секоја пролет и есен спроведуваат акции за чистење диви депонии, кастрење гранки, миење на улиците, косење на тревата, интервенции во насока на подобрување на водоснабдувањето, крпење ударни дупки, поправка и миење на контејнерите и слично.

РЕДОВНО СЕ ЧИСТИ УСЈАНСКИОТ КАНАЛ

Заеднички екипи на Град Скопје и на Општина Аеродром најмалку еднаш годишно го чистат Усјанскиот канал во Горно Лисиче, кој е долг над три и пол километри.

АЕРОДРОМ БЕЗ ОТПАД
Ја зголемуваме еколошката свест

Општина Аеродром се вклучи во акцијата за расчистување на отпадот и за подигање на свеста за правилно третирање на отпадот во рамки на националната акција за чистење „Македонија без отпад"

Собрани се стотици тони смет во акции за:

- собирање на сметот и шутот што несовесни граѓани го фрлаат на недозволени места и надвор од контенјерите
- собирање расипан електронски отпад
- собирање кабаст отпад

ОТСТРАНЕТИ СИТЕ ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Изминатиов период комуналната инспекција на Општина Аеродром, во соработка со јавното претпријатие „Градски паркинг" – Сектор пајак служба, а со асистенција на полицијата, ги отстрани сите хаварисани возила паркирани на паркинзите во Општината.

ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ ЗА УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ ВО АЕРОДРОМ

Основните училишта и детските градинки во Општина Аеродром се закитија со зелено знаме како награда за највисок статус на еко-училиште со огромен број организирани еколошки акции што ги доделува Здружението ОХО.

Кампања за шетање миленици со маска на устата и употреба на кеси за собирање на изметот што тие зад себе го оставаат на јавните површини



КУЛТУРА
2013 » 2017

МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“



Културата треба да биде достапна до секој граѓанин

КУЛТУРА 2013 » 2017

- Локација: на отворена сцена во Општина Аеродром
- Време: традиционално секоја година во јуни
- Учесници: театри од Македонија и странство
- Публика: над 10.000 гледачи во сезона (се бара столче повеќе)
(во соработка со Министерството за култура и Театар Комедија)

ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЈА ПОДДРЖУВА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ИЛИНДЕНСКИ МАРШ“

Триесетина коњаници од Горно Лисиче традиционално секоја година на 27 јули тргнуваат од Општина Аеродром кон славното Крушево, каде што се приклучуваат на прославата на најголемиот македонски национален празник – Илинден.

ЧЕСТВУВАЊЕ ЗА ЈАНЕ САНДАНСКИ

Со положување свежо цвеќе на споменикот на Јане Сандански во истоименио парк во истоимената населба секоја година на 18 мај, ја одбележуваме годишнината од раѓањето на овој голем македонски револуционер.

МИЧУРИНСКА СРЕДБА

Под покровителство на Општина Аеродром секоја година на 13-ти јануари во Мичурин се одржува Традиционалната „Мичуринска средба“ во присуство на илјадници граѓани во централниот парк во оваа населба по повод одбележувањето на празникот Василица, меѓу народот познат како Стара Нова Година. Притоа, се пали василичарски оган, се крши василичарска погача со паричка за среќа и се одржува општонародна веселба со богата музичка програма.

ВАСИЛИЧАРСКА СРЕДБА ВО НОВО ЛИСИЧЕ

Општина Аеродром ја поддржува Традиционалната василичарска средба што секоја година ја организираат жителите на Ново Лисиче на детската улица „Тоше Проески“ пред параклисот „Богородица“.

ТРАДИЦИОНАЛЕН КОНКУРС ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ЕВРОПА

Ја поттикнуваме креативноста на младите

Секоја година на 9-ти мај го организираме Традиционалниот ликовен конкурс во основните училишта по повод Денот на Европа. (во соработка со Европското движење во Република Македонија)

АПРИЛИЈАДА ВО АЕРОДРОМ

Денот на смеата и шегата, 1 април, секоја година се одбележува во детските градинки и училиштата, каде се организираат паради на маски.

ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „ЦВЕТОВИ“

Го поддржуваме детскиот фолклорен фестивал „Цветови“ во организација на КУД „Никола Јонков Вапцаров“ од Горно Лисиче.

МЕЃУНАРОДЕН ДЕТСКИ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СВ. ТРОИЦА“ ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ

Под покровителство на Општина Аеродром, Традиционалниот меѓународен детски фолклорен фестивал „Св. Троица“ го организира културно-уметничкото друштво „Гоце Маркоски“ од Долно Лисиче.

Традиционални меѓународни изложби на ротвајлери и шарпланинци

Го поддржуваме традиционалниот планинарски марш до Водно по повод европскиот ден на знамето (во соработка со Европското движење во Република Македонија и Делегацијата на ЕУ).

СОВЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ НИЗ БРОЈКИ

Работата на градоначалникот е тесно поврзана со одлуките на Советот на Општина Аеродром и затоа може да се каже дека тој ја

има клучната улога во реализацијата на сите проекти.
Советниците се директни претставници на жителите во нашата општина, па токму поради тоа Советот има голема одговорност и значајна функција при предложувањето и донесувањето одлуки.
Изминатите четири години, Советот, на чело со д-р Виктор Камилоски имаше успешен мандат при што донесе над 1.000 одлуки, 2 решенија, 63 програми, 246 заклучоци и 4 правилници.
Одличната соработка меѓу администрацијата и Советот резултира со голем успех, а доказ за тоа се огромниот број реализирани проекти.
Особено конструктивна во својот повик беше советничката група на ВМРО-ДПМНЕ, чии советници несебично ги поддржаа сите проекти кои се од витално значење за квалитетен живот на граѓаните во Општина Аеродром и без нивната поддршка немаше да се реализираат речиси 200 проекти од 2013 до 2017 година.

СОРАБОТКА И ПРИЗНАНИЈА

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, официјално беше прогласен три години по ред за најуспешен градоначалник, според анкетата што ја спроведе интернет порталот Скопје инфо (skopjeinfo.mk)

Аеродром е прогласена за една од трите најтранспарентни општини во своето работење, според истражувањето на Фондацијата Фридрих Еберт и Млади Европски Федералисти – Куманово во проектот „Транспарентност на општините при објавување на информации од јавен карактер на општинските веб страници" во 2015 година

Високо транспарентни	Транспарентни	Долунно транспарентни	Нетранспарентни
12.07.2015			
	Аеродром Карпош Центар	Македонски Брод Кисела Вода	Сарај Совиќе Студеничани Чаир
30.09.2015			
	Аеродром Карпош Кисела Вода Центар	Македонски Брод Совиќе	Сарај Студеничани Чаир
18.11.2015			
одром ниш тар	Кисела Вода	Македонски Брод Совиќе	Сарај Студеничани Чаир

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, заедно со раководството на секторите за урбанизам, инспекција и комунални работи двапати годишно одржуваат средби со жителите на Општината, на кои тие имаат можност да ги изнесат своите проблеми поврзани со урбаното живеење од сферата на комуналните работи, урбанизмот, културата, спортот и други области што ги засегаат и се поврзани со надлежностите на општината. На овие средби исто така можат да се слушнат и нови идеи и предлози за подобрување на условите за живот во Општината.

Претставници на општините Шоштањ и Велење од Словенија на 20.6.2014 година ја посетија Општина Аеродром, при што се разговараше за можноста за остварување соработка меѓу општините на полето на образованието, спортот, културата и економијата.

Општина Аеродром организира форуми на кои се разгледуваат програмите за Локалниот економски развој (ЛЕР) и се дискутира за плановите и проектите на општината во разни области

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, копретседаваше на 10-от состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на региони на Европската унија, што се одржа на 3.6.2014 година, при што ги повика претставниците на ЕУ да ни помогнат „правилно да ги реализираме сите потребни чекори за Република Македонија да стане членка на Европската унија“, додавајќи дека локалната власт е активно вклучена во тој процес и „има значајна улога во спроведувањето на реформите за имплементирање на европските стандарди“.

Општина Аеродром од 2015 година стартуваше со целосно нова редизајнирана интернет страница (aerodrom.gov.mk) во согласност со принципите на отчетност и транспарентност во своето работење. Новата веб-страница има посовремен дизајн и е побрза, поефикасна и попристапна, а со тоа и поблиска до граѓаните.

КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ПРЕТХОДНИОТ МАНДАТ 2009 – 2013

1. Изградба на инфраструктура (нови улици и комплетен канализациски систем) во должина од над 50 километри

2. Изградба на тротоари во должина од над 10 километри

3. Изградба на препумпни станици и колектори во Горно Лисиче

4. Продолжување и проширување на булеварите „Видое Смилевски – Бато" и „Србија"

5. Изградба на нови паркиралишта со 2.000 нови паркинг-места

6. Изградба на 7 нови паркови

7. Изградба на нова детска градинка „Сонце"

8. Изградба на Спортскиот центар „Ново Лисиче"

9. Изградба на 4 тениски игралишта

10. Изградба на 6 фудбалски игралишта и Куќа на фудбалот

11. Реконструкција на спортски игралишта во рамки на основните училишта во училишните дворови

12. Реконструкција на основните училишта и на детските градинки

13. Изградба на 10 повеќенаменски спортски игралишта

14. Изградба на јавно осветлување

15. Изградба на велосипедски патеки покрај главните булевари и покрај Вардар (во соработка со Град Скопје)

www.aerodrom.gov.mk